Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 25 декември 2024 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-6904/22**<br>**од 26 декември 2024 година**<br>**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**<br>**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**<br>**Бобан Стефковски, с.р.**

ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**

# ПРОГРАМА

# ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

**Декември, 2024 година**

Врз основа на член 22 став (1) точки 5, 6 и 7 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), член 49 од Законот за здруженија и фондации (''Службен весник на РМ'' бр.52/10, 135/11, 55/16 и ''Службен весник на РСМ'' бр.239/22), член 22-а од Законот за спортот (''Службен весник на РМ'' бр.29/02, 66/04, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и ''Службен весник на РСМ'' бр.98/19 и 244/19), член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (''Службен весник на РМ'' бр.6/12, 166/14,150/15 и ''Службен весник на РСМ'' бр.53/21) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и првата седница одржана на 25 декември 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1.За јавни дејности се определуваат 28.293.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, распоредени во согласност со оваа Програма, како што следи:

- За здруженија на граѓани и фондации се определуваат 4.000.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година;

- За спорт се определуваат 11.000.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година;

- За младите се определуваат 600.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година;

- За еднакви можности на жените и мажите се определуваат 100.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година;

- За протоколарни активности се определуваат 703.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, што се користат за:

(1) Цветни аранжмани 21x7.000,00 денари за настани на кои присуствуваат градоначалникот и делегации на Општина Гази Баба, а во организација на Владата на Република Македонија, Градот Скопје и Општина Гази Баба и други - 200.000,00 денари и тоа:

– 12 јануари - Ден на паднатите полицајци од Петтата полициска станица во н.м. Автокоманда,
– 4 февруари - Ден на раѓањето на Гоце Делчев,
– 26 февруари - Ден на загинување на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски,
– 17 март - Национален ден на Унгарија во Паркот на македонско-унгарското пријателство пред спомен обележјето на претседателот Лајош Кошут и композиторот Франц Лист,
– 26 март - Одбележување на смртта на Игор Николовски,

- 4 мај - Ден на загинувањето на Гоце Делчев,
- 9 мај - Ден на победата над фашизмот,
- 9 мај - Полагање цвеќе пред спомен бистите во Инџиково и Стајковци на загинатите полицајци на 9 мај 2015 година во терористичкиот напад од Косово, Диво Насеље, Куманово,
- 25 јуни - Раѓање на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски,
- 7 јули - Ден на политички прогонуваните лица судени за идеите на самобитноста на Македонскиот народ и неговата државност,
- 24 јули - Ден кога е починат првиот претседател на Република Македонија Методија Андонов Ченто,
- 26 јули - Годишнина од земјотресот во Скопје,
- 2 август - Ден на Илинденското востание,
- 6 август - Ден на 22-те жртви од катастрофалните поплави во Гази Баба во 2016 година,
- 19 август - Ден за положување цвеќе на спомен-бистата на Трајко Попов во село Раштак, стрелан за самобитноста на Македонскиот народ и неговата државност од комунистичкиот режим на 19 август 1946 година,
- 8 септември - Ден на независноста на Република Македонија,
- 11 октомври - Ден на македонската антифашистичка борба,
- 11 октомври - Положување цвеќе пред споменикот на борците од Втората светска војна во паркот Кино-Маџари,
- 23 октомври - Ден на Внатрешната македонска револуционерна организација - ВМРО,
- 13 ноември - Ден на ослободувањето на Град Скопје од германските и бугарските фашистички окупатори во Втората светска војна, и
- 14 ноември - Ден на паднатите македонски бранители во војната 2001 година.

(2) Традиционални активности кои Општина Гази Баба ги организира во текот на годината:

- Првородено бебе - жител на Општина Гази Баба - 25.000,00 денари,
- Новогодишни пакетчиња - 128.000,00 денари,
- Ден на Општината 3 ноември и наградата Големата Мајка - 200.000,00 денари,
- Најдобар полицаец на годината - 20.000,00 денари,
- Традиционални активности на Сојузот на борците - 30.000,00 денари, и
- Здружение на пензионери - 100.000,00 денари.

2.За култура и културни манифестации се определуваат 3.790.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, што се користат за:

1) Манифестација "Пифтијада" со коорганизатор Организација на жените на Гази Баба - 150.000,00 денари,
2) Манифестација "Гоце Делчев" во н.м. Гоце Делчев - 40.000,00 денари,
3) Манифестација Водици во н.м. Сингелиќ - 60.000,00 денари,
4) Манифестација "Во чест на Свети Кирил и Методиј" во с. Стајковци - 80.000,00 денари,
5) Четиридневен Меѓународен фолклорен фестивал со коорганизатор КУД "Јонче Христовски" - 350.000,00 денари,
6) Избор на најубаво новогодишно украсени балкони, дворови, простор пред станбени и деловни згради - 40.000,00 денари,
7) Детска театарска работилница во организација на Театар "Чекори" - 30.000,00,
8) Новогодишна претстава со Театар "Чекори" - 100.000,00 денари,
9) Аматерски културно-уметнички друштва и театарски групи - 120.000,00 денари,

10) Техничка организација на тековни настани (ангажирање на модератори) – 60.000,00 денари,
11) Настан по повод 8-ми Септември Ден на републиката - 200.000,00 денари,
12) Вкусовите на Гази Баба - 400.000 денари,
13) Традиционален илинденски марш 2024 - 160.000,00 денари
14) Организација на МОТО - ФЕСТ - 200.000 денари,
15) Техничка поддршка на културни манифестации и настани (озвучување, бина, уредување на просторот, брза помош, противпожарно возило и друга техничка поддршка) - 1.800.000,00 денари.

3.За социјална заштита се определуваат 8.100.000,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, што се користат за:

1) 290 новогодишни пакетчиња за деца во социјален ризик определени со решение на градоначалникот - 220.000,00 денари,
2) Еднократна парична помош на ризични групи заради ублажување на штета од елементарна непогода (пожар, поплава и слично на корисници на социјална помош; лекување; деца без родители и родителска грижа; и самохрани родители) - 2.000.000,00 денари,
3) Клуб за стари лица за активности во согласност со Програмата за работа на клубот - 300.000,00 денари,
4) Еднократна парична помош по 5.000,00 денари за секое новороденче на подрачјето на Општина Гази Баба - 3.000.000,00 денари,
5) Еднократна финансиска помош по 3.000,00 денари за дете запишано во прво одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба - 2.000.000,00 денари,
6) Општинска корисна работа во соработка со Програмата за развој на Обединетите Нации и Агенцијата за вработување на Македонија јануари-мај 2022 година, (15 негувателки во детски градинки и 5 лица за нега на стари лица) 20 работно ангажирани лица х 1.800 месечно х 5 месеци (7.200 денари по човек месечно донира УНДП) - 180.000,00 денари,
7) Проект со Црвен крст Посебен превоз за стари лица и лица со попреченост - 200.000,00 денари, и
8) Проект со Црвен крст Итно копче - 200.000,00 денари.

4.Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2025 година.

**Број 09-6769/24**
**од 25 декември 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**